**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Министерството за економија, Согласно Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Македонија (Сл. весник на РМ бр.15 од 23.01.2019 год.), објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК

**за пријавување на интерес од страна на угостителските објекти за сместување за прием на гости кои ќе добиваат Потврда за одмор на работници со ниски приходи во вредност од 15.000,00 денари**

1. ” Согласно Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Македонија (Сл. весник на РМ бр 15 од 23.01.2019 год.), Министерството за економија објави јавен повик за **Пријавување на интерес од страна на угостителските објекти за сместување за прием на гости кои ке добиваат Потврда за одмор на работници со ниски приходи во вредност од 15.000,00 денари**

   - Основна цел на оваа мерка е да им се овозможи на лицата со ниски приходи да искористат годишен одмор во туристичките центри во Република Македонија, и во исто време да им се помогне на туристичките центри во зголемување на обемот на работа надвор од туристичка сезона.

2. **Право на учество на јавниот повик** имаат сите категоризирани угостителски објекти за сместување лоцирани на **Туристичките Центри** во Република Македонија.
   **Под поимот Туристички Центри**, се подразбира место кое привлекува голем број туристи и туризам кој дава посебни карактеристики, така што приходот остварен врз основа на туризмот има важна улога во неговото функционирање.
   Како туристички центри можат да се сметаат и градови кои поседуваат значаен обем на туристички објекти или региони во рамки на простор каде постојат неколку туристички центри како и комплекси кои нудат различни рекреативни и општествени содржини на една локација.

3. **Немаат право на учество : Некатегоризирани угостителски објекти, угостителските објекти кои не се во туристичките центри или се оддалечени повеке од 1 километар од туристичките центри.**

За пријавување на интерес угостителски објекти за сместување до Министерството за економија треба да достават пополнет образец за барање за пријавување на интрес (готов формулар)

Образецот на барањето за пријавување на интерес за користење на средства за организиран одмор може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk .
Барањата со комплетна документација се доставуваат во Архивата на Министерството за економија, лично или преку пошта на адреса ул.”Јуриј Гагарин” 15, Скопје до **01.03.2019 година**

**а подетални информации да се обратите на :**
**·тел:(02) 3093 540; (02) 3093 536 и (02) 3093 543: емаил: bekim.hadziu@economy.gov.mk**